20262634704

НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА МЕДИЈАЦИЈА

Врз основа на членот 66 став (1) точка а) од Законот за медијација (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 294/21 и 111/26), Националниот совет за медијација, донесе

ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕ И УКИНУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦИ ВО МЕДИЈАЦИЈАТА

Член 1

Во Правилникот за начинот на издавање и укинување на лиценци во медијацијата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 40/24), во член 2 став 2 алинејата 1 се менува и гласи:

„- доказ за положен испит за медијатор издаден од Министерството за правда (во натамошниот текст: Министерството)“.

Во ставот 4 зборовите „единствено стекнатата временски ограничена лиценца за медијатор во оригинал или како копија заверена на нотар“ се заменуваат со зборовите „само копија од претходно издадената лиценца“.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од Владата на Република Северна Македонија.

Бр. 01-2751/1
29 октомври 2026 година
Скопје

Национален координатор
за медијација,
Љупчо Сотироски, с.р.